**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА РОСОМАН**

**Арх.бр.12-698/6**
**од 06.06.2023 година.**

**До**
**Градоначалник на Општина Росоман**

Врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.32/20) и донесената Програма за дополна на Програмата за изработување на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација во Општина Росоман за 2022 година, член 1, алинеја 1 со Одлука број: 08-382/3 од 30.06.2022 година, објавена во Службен Гласник на Општина Росоман бр.5/22 донесена од страна на Советот на Општина Росоман, Градоначалникот на Општина Росоман го дава следното

# СООПШТЕНИЕ

## За спроведување на јавен увид по

## УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА (ФОТО- НАПОНСКИ ПАНЛИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА КОИ СЕ ГРАДАТ НА ЗЕМЈИШТЕ) НА КП 2274/4 И 2274/1- ДЕЛ КО РОСОМАН, ОПШТИНА РОСОМАН

### Член 1

Се известуваат граѓаните на Општина Росоман дека се организира **Јавен увид за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана ( фото – напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 2274/4 и КП 2274/1 – дел, КО Росоман, Општина Росоман,** со технички број 39/23 од Април 2023 година изработен од Друштво за градежништво, трговија и проектирање на Петар Иваноски „ПЕРКАН ПРОЕКТ" ДООЕЛ Прилеп.

### Член 2

Проектниот опфат на **Јавен увид за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана ( фото – напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 2274/4 и КП 2274/1 – дел, КО Росоман, Општина Росоман е** опфатен во рамките на урбаниот опфат на Просторниот План на Република Македонија, според кој се изработени условите за

планирање на просторот од страна на Агенцијата за планирање на просторот - Скопје, Република Македонија, со технички број Y37722 од Октомври 2022.

Границите на планскиот опфат се:

- На север граничи со северната страна на КП 2274/4 КО Росоман;
- На запад граничи со западната граница на КП 2274/4 КО Росоман;
- На исток граничи со источната граница на КП 2274/4 КО Росоман;
- На југ граничи со пристапен пат.

Површината на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува **0,76 ха.**

Со овој урбанистички проект се планира градба на површински соларни и фотоволтаични електрани.

Во границите на планскиот опфат планирано е оформување на две нови градежни парцели согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, одредување на катноста на градбата, површината за градба, компатибилните намени и сообраќајните пристапи, согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за ваков тип на објекти.

Парцелите се со следните класи на намена:
**Е- Инфраструктури**

**Основна класа на намена**
**Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури**

**Поединечна намена:**
**Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани**

Во рамки на градежната парцела се планирани поставување на Површински соларни и фотоволтаични електрани.

Пристапот до градежната парцела ќе се обезбеди со изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за пристапен пат до идната фотоволтаична електрана.**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА РОСОМАН**

# ЈАВЕН УВИД

На **Јавен увид за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана ( фото – напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 2274/4 и КП 2274/1 – дел, КО Росоман, Општина Росоман,** со технички број 39/23 од Април 2023 година изработен од Друштво за градежништво, трговија и проектирање на Петар Иваноски „ПЕРКАН ПРОЕКТ“ ДООЕЛ Прилеп ќе **трае 15 (петнаесет**) дена во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената web страна на Општина Росоман www.opstinarosoman.gov.mk во период од **09.06.2023 до 23.06.2023 година** за кое време може да се достават евентуални забелешки, секој работен ден од 08.00 до 16.00 во просториите на Одделението за Урбанизам при Општина Росоман.

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ОПШТИНА РОСОМАН

# А Н К Е Т Е Н   Л И С Т

Број _______________

**ОПШТИНА РОСОМАН**

Врз основа на член 62, став 10 од Законот за урбанистичко планирање (,,Сл.Весник на РСМ" бр. 32/20), член 8 и член 22, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) и член 113, став 20 од Статутот на Општина Росоман (Службен гласник на Општина Росоман бр.8/2005), Градоначалникот на Општина Росоман, организира **Јавен Увид за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана ( фото – напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 2274/4 и КП 2274/1 – дел, КО Росоман, Општина Росоман** со технички број 39/23 од Април 2023 година изработен од Друштво за градежништво, трговија и проектирање на Петар Иваноски „ПЕРКАН ПРОЕКТ" ДООЕЛ Прилеп.

**Урбанистичкиот проект ќе биде изложен на официјалната веб страна на Општина Росоман и во системот е-урбанизам -** www.opstinarosoman.gov.mk, **https://www.e-urbanizam.mk**.

- Јавниот увид трае 15 дена, т. е. од **09.06.2023 до 23.06.2023 година**
- Податоците за граѓани и правни лица кои даваат забелешки:

(Пополнува граѓанин, односно правно лице)

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Физичко односно правно лице (назив на правно лице, име и презиме) | ______________________<br>______________________<br>______________________ |
| **2.** | Адреса, број на телефон и e-mail адреса: | ______________________<br>______________________<br>______________________ |
| **3.** | Адреса на објектот и опис на лока-литетот за кој се дава забелешка | ______________________<br>______________________<br>______________________ |

**ЗАБЕЛЕШКА:**

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________

**ДАТА**

______________

**М.П.**
**(за правни лица)**

______________

**СВОЕРАЧЕН ПОТПИС**

______________